# ИЗВЕШТАЈ ОД ПРОГРАМА

за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Берово
за 2023 година



Разгледува: Комисија за еднакви можности
Донесува: Совет на општина Берово

Во текот на 2023 година, во Општина Берово започнува да работи на унапредување на еднаквите можности меѓу жените и мажите.

Притоа изработени се следните стратешки документи :

- СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ НА РЕГИОНОТ ДЕЛЧЕВО, БЕРОВО И ПЕХЧЕВО ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2026 и
- АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2022 – 2025 ГОДИНА

Исто така, за прв пат, изработена е и Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Берово за 2023 година.

1. Во текот на 2023 година, одржана е Презентација на активните мерки од ИПАРД Програмата, со поддршка од Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство
2. Како дел од програмата, за подигнување на јавната свест, во областа на здравството, во рамките на Проектот „Штип и Берово, заедно за подобрување на животот на Ромската заедница” , во соработка со Зелен Институт – Zelen Institut – Green Institute, Општина Берово , Општина Штип и Здружението на гинеколози МАГО од Скопје, извршени се превентивни здравствени гинеголошки прегледи, на жени, од Ромска популација организираше кампања за Зајакнување на свеста на жените (со акцент на жени Ромки) за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје со организирање на предавања. Како дополнителна активност заедно со локални волонтери во Општина Берово и општина Штип се извршија и информативни разговори и се доделија едукативни материјали за значењето на редовните гинеколошки прегледи , како и материјали за редовна и навремена имунизација на населението во Општина Штип и Општина Берово.
3. Во рамки на програмата за извршување на Јавни работи, ангажирани се лица за извршување на јавни работи, со чија поддршка деадено е приоретизирање на чистењето на тротарите на улиците „Даме Груев“ , „Маршал Тито“ и ул.„ Задарска”, по кои се движат најчесто ученици и родители до ООУ и ОСУ и детска градинка.

Во текот на 2023 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, имаше можност да посети обуки заедно со општина Делчево и Пехчево, на кои се стекнаа со знаења од областа на нтеграција на родови перспективи за силни општини и квалитетни локални политики.

Изработил:

*Биљана Каламадевска*

Координатор за еднакви можности
меѓу жените и мажите во Општина Берово